SYSTASIS
ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

Импресивен препејувачки и книжевнокритички потфат

(кон изданието *Антологија на античката лирика* од приредувачите Весна Томовска, Даниела Тошева и Војислав Саракински, Чудна шума, Скопје, 2025)

Искра Тасевска Хаџи-Бошкова

Филолошки факултет „Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
iskra.tasevska@flf.ukim.edu.mk
https://orcid.org/0000-0003-0027-1882

Книгата *Антологија на античката лирика* од приредувачите Весна Томовска, Даниела Тошева и Војислав Саракински, издание на „Чудна шума“ од 2025 година, претставува несекојдневно препејувачко, научно и критичко дело во македонската културна средина. Надоврзувајќи се на изданието *Антологија на хеленската лирика*, објавено од „Зумпрес“ во 1996 година и приредено од Елена Колева, делото *Антологија на античката лирика* претставува еден од најопфатните и најобемни книжевнокритички подвизи досега, поврзани со претставувањето и со приближувањето на античката лирика во македонската културна сфера. Во книгата се застапени преводите/препевите од старогрчки и од латински јазик на Елена Колева, Љубинка Басотова, Даниела Тошева, Војислав Саракински, Валериј Софрониевски, Светлана Кочовска-Стевовиќ и Методија Тасевски, со што, како што се напоменува во предговорот кон изданието, се опфаќаат „сите досега преведени на македонски јазик лирски песни од антиката“, што недвосмислено го потцртува исклучителниот карактер на ова дело. Остава впечаток и фактот дека распоредувањето на граѓата го следи хронолошкиот принцип, уште еден мошне важен аспект што ги разликува втемелените научни анализи од научно-популарните интерпретации на античкото наследство. Можноста читателите да се запознаат со повеќе верзии од една иста песна, препеана од различни препејувачи, е показател и за отвореноста на приредувачите кон творечките можности што ги нуди препевот, како чин на пренесување, но и вдомување на културните концепти во различните јазични и културни средини.

Книгата е структурирана во неколку поглавја: Предговор (од приредувачите), Хеленска лирика, Јамбографија, Елегија, Мелика, Анонимни песни, Хеленистичка лирика, Римска лирика и Библиографија. Ваквата распределба на содржините овозможува лесен и прецизен увид во опсегот на делото, покажувајќи дека станува збор за еден мошне амбициозен потфат. Кон секое од поглавјата е додаден посебен осврт за развојот на соодветните аспекти на лириката за која станува збор, со што читателот се воведува во мошне сложеното прашање за развојот на античката лирика. Во сегментот Хеленска лирика се тргнува од појаснувањето на буквалното, етимолошко значење на терминот *лирика*, според сфаќањето на античкиот човек, па сè до неговото подоцнежно, 18-вековно изградување како посебен термин, со што читателот се запознава со мошне сложениот проблем на правилно дефинирање на поимот. Античкото сфаќање на овој термин, кој се разгледува главно во рамките на двата доминантни жанрови – мелика (пеена) лирика и хорска лирика, се развива во корелација со тезата за исклучителната важност на музиката, како и во однос на нејзиното митолошко значење (божественото потекло на инструментите, боговите музичари, митските пејачи итн.). Секако, не се заборава и поширокиот контекст, мошне важен за сфаќање на Платоновата и на Аристотеловата демаркација на различните начини на прикажување, односно разликата меѓу епската поезија и драмата.

Ова поглавје упатува на мошне важното позиционирање на изворните предлирски (предуметнички) видови, кои се поставуваат во врска со дејноста на Хомер, со напоменување за важноста на култот во развојот на лириката воопшто. Тоа се забележува и во определувањето на двата автентични видови – елегијата и јамбот, кои се карактеристични за т.н. архајски период (7, односно 6 век пр. н. е.), иако нивното опстојување, проширување и менување го следиме и во подоцнежните периоди. Елегијата, која се карактеризира со елегискиот дистих (комбинација од хексаметар и пентаметар), како и со нејзиното фолклорно потекло, што е видливо и во ритуалната страна на јамбот и јампскиот триметар, претставува облик што го продолжува проникнувањето на колективното и индивидуалното поимање на светот, како и митолошкиот судир меѓу спротивставените полови, односно меѓу доброто и злото. Во исцртаната парадигма на елегискиот дискурс, како песна што ја преобразува фолклорната тажаленка во „филозофска, гномичка и заветна песна“, се гледа значењето на елегијата за градењето на државите и за појавувањето на различните ентитети на историската сцена. Ставот дека „нема антички мислител кој не се обидел да проговори во овој метар“, односно да твори елегии, уште еднаш ја потенцира неговата важност, но и раното при-

ближување што се случува меѓу развојот на елегискиот дискурс и епиграмот, кој се гледа како „*чиста* мера на елегискиот дистих". Фактот дека епиграмот се поврзува со натписот на одредени култни градби и споменици ја потенцира неговата исклучителност, спојувајќи ги предметното и духовното, за отпосле да стане и уметнички облик. Во александриската епоха, епиграмот станува омилен облик меѓу авторите, како и елегијата, што подоцна се забележува во ученатa и уметнички преобликувана поезија на римските неотерици, кои ќе создаваат еротска елегија и интересни, мошне вешто изведени епиграми. Определбата на Овидиј како последен поет на елегијата во антиката, уште еднаш, ја потенцира сплотеноста на ученатa рационалност и еротскиот „ласцивен" карактер на „шеговитата Муза" во овој жанр.

Покрај овие согледувања, поглавјето Хеленска лирика ги содржи мошне важните промислувања за текот на развојот на јамбот, од неговото култно значење поврзано со обредите посветени на божицата Деметра, па преку уметничката обработка на Архилох сè до римско време, кога овој жанр го практикуваат Катул и Хоратиј. Тука треба да се забележи и неговата трансформација кон посериозни содржини, како во холијамбовите на поетот Хипонакт така и во упатувањето кон хеленските претходници во делата на римските автори. Овој оглед за карактеристиките на јамбот дава подлога за натамошното објаснување на различните видови хорски песни, што е мошне корисно и инструктивно за сите корисници на книгата, со цел тие подетално да се запознаат со нивните својства и да се обидат да нурнат во нивните специфичности. Хорските песни се систематизирани во две групи, според содржината и целта: обредни и световни. Во првата група спаѓаат химната, одата, просодионот, пајанот, хипорхемот, партенионот и дитирамбот, а во втората треносот, епиникионот, епиталамионот, енкомионот, сколионот и ембатерионот. Овие жанрови ја покажуваат разновидноста на хорската лирика, но и нејзината трансформација од почетниот обреден карактер кон лирика што е целосно во дослух со општествената стварност на античкиот човек и граѓанин.

Поглавјето Јамбографија содржи интересен опсег на песни од автори на јамбови и на други лирски видови, почнувајќи од Архилох, втемелувачот на литературниот јамб, па продолжувајќи кон Семонид од Аморгос, Хипонакт, Ананиј, Дифил, Хермип и Скитин. Тука читателот се запознава со интересни факти поврзани со животот на одделните автори, како и со разновидноста на нивната творечка дејност. Архилох е мошне впечатлив како автор поради неговата поезија што се концентрира на виното, уживањето и љубовта, видливо во јамбовите посветени на љубената Необула и на нејзиниот татко Ликамб,

кои биле изложени и на јавно понижување откако таткото ја раскинал нивната свршувачка. Во таа смисла е карактеристичен и јамбот на Семонид од Аморгос, посветен на жените, кој се поврзува со поттиците од фолклорната традиција и со значењето на јамбот среде ритуалите и чествувањата. Холијамбовите (односно „куците јамбови“) на Хипонакт, кои се карактеризираат со трансформација на јампскиот триметар, се одраз на неговото искуство и на моменталната состојба, што се гледа и во значењето што му се придава на Ананиј за јамбографијата, кој заедно со Хипонакт и Архилох се смета за еден од најзначајните творци на јамбот.

Поглавјето Елегија опфаќа импозантен број автори на елегии и на други лирски видови. Тука се сместени: Калин, Тиртај, Асиј, Писандар, Мимнерм, Солон, Клеобулина, Ајсоп, Демодок, Фокилид, Ксенофан, Теогнид, Хипарх, Пигрет, Епихарм, Ајсхил, Софокле, Ион, Мелантиј, Хипон, Емпедокле, Дионисиј Халк, Еврипид, Тукидид, Алкибијад, Агатон, Евен, Критија, Иофонт, Сократ, Антимах, Платон, Симија Тебанецот, Sевксид, Парасиј, Праксител, Дионисиј Помалиот, Мамерк, Астидамант, Филиск, Афарej, Спевсип, Демостен, Аристотел, Клеон Сикулски, Кратет, Теокрит од Хиос и Менандар. Читателот има можност да се запознае со впечатливите елегии на древниот елегичар Калин, кој, како припадник на аристократијата, ги повикува младите на одбрана на татковината, во што се гледа и директната врска на елегијата со епската поезија. Такви се и елегиите на Тиртај, кој, како поет, на Спартанците им ја овозможил победата и јакнењето на духот во војните. Интересен пресврт во традицијата на елегијата прави Мимнерм, кој го преобликува херојскиот идеал на Калин и на Тиртај во величање на животот, убавината и на индивидуалното уживање, што се гледа и во неговата збирка *Нано*, која се смета дека е посветена на авлетиката, од која бил поетски вдахновен. Солон, како државник што ја издигнува Атина до идеалот на калокагатијата, е претставен и со неговите импресивни исповедни стихови, познати како *Хипотеки кон себеси*, како и со неговите впечатоци за текот на човечкиот живот.

Другите автори вклучени во ова поглавје оставаат силен впечаток со жанровската разновидност што ја нуди нивното творештво. Тука се интересните загатки на Клеобулина, од кои се зачувани три; поучните стихови на Ајсоп, кој подоцна ќе стекне слава со своите басни преку латинскиот превод на Федар и адаптациите на Лафонтен; критичката димензија во стиховите на Ксенофан, кој како филозоф и критичар на Хомер се изразува во прилог на величањето на боговите и на божествената правда, која ги овозможува како човечките доблести така и славата на градот; симпотичките теми кај Теогнид, кој на таа основа прави разлика меѓу добрите (аристократите) и лошите (односно тие што не се

аристократи), што се гледа и во трансформирањето на симболичната фигура на момчето Кирно (особено во неговите еротичко-етички елегии). Вклучувањето на Епихарм, Ајсхил, Софокле и Еврипид во плејадата елегиски поети претставува уште една потврда за разновидноста на нивното творештво, како и за проникнувањето на она што тие го прават на драмската сцена со традицијата на епската поезија и на елегискиот дистих. Меѓу елегичарите се вклучени и редица политички фигури, како што се Алкибијад и Критија, кои го користат тој модус за да рефлектираат и дел од своите политички ставови. Тоа е видливо и во спорниот надгробен епиграм на Тукидид, посветен на Еврипид, а кој е познат по своето критичко промислување на историјата како функција на човековата природа. Фрагментите што сведочат за дејноста на Сократ, како и Платоновите стихови, се показател за значењето на дијалошкото пронаоѓање и промислување на вистината, како и за вредноста на одредени лирски појави (видливо во Платоновата оценка за поетесата Сапфо што се определува како десетта муза). Аристотеловата елегија посветена на Платон, во која се велича неговата исклучителност и блаженост, како и „Химната на доблеста", која оди во спрега со Кратетовата киничка „Химна на умереноста", претставуваат уште еден показател за значењето на оваа антологија, која фрла светлина на различните аспекти од дејноста на попознатите, но и на помалку познатите автори од хеленската традиција.

По својот опфат, поглавјето Мелика е еднакво импозантно, опфаќајќи редица автори на монодиска и на хорска лирика, како и на најразлични други видови песни. Тука се среќаваме со мноштво информации и разновидни песни од Евмел, Терпандар, Алкман, Арион, Сапфо, Алкај, Ерина, Питак, Биант, Хилон, Талес, Клеобул, Ехемброт, Стесихор, Ибик, Анакреонт, Ласос, Телесила, Симонид, Тимокреонт, Корина, Лампрокле, Фриних, Пратина, Диагора, Бакхилид, Пиндар, Праксила, Меланипид, Кидија, Арифрон, Ликимниј, Филоскен, Тимотеј, Телест и Ликофронид. Исклучителните претставници на монодиската лирика, како што се Сапфо, Алкај и Анакреонт, во чија поезија доминира индивидуалноста и интроспективноста, а кои подоцна ќе станат исклучив поетски параметар, се претставени преку мноштво различни видови. Познатата дружина на Сапфо, во која учесничките се нарекувале „служителки на музите", била контекстот во кој таа музички ги презентирала своите песни, па од нив, во ова издание, се вклучени голем број песни посветени на Ерос, епиталамиони (свадбени песни), со фокус на девојката што треба да биде воведена во тајните на бракот, епиграми и сл. Алкај, пак, во неговите химни, бунтовнички и гозбени песни, се посветува на величање на љубовта, на телесното уживање и на животната радост, што се гледа и во величењето на силата на животот среде згодите и незгодите. Анакреонт извршува огромно

влијание со неговите елегиски песни, епиграми и химни, каде што акцентот е ставен на прославата на љубовта и на виното, што ќе доведе до негова огромна популарност, која во Александрија е засведочена и преку збирката песни наречени *Anacreontea*. И покрај тоа што се сметало дека овие песни се дел од творештвото на Анакреонт, потврдено е дека тие се само вешто приспособување кон образецот на неговата поезија. Анакреонт е познат и по мноштвото пригодни песни, поврзани со различни обреди и свечености, што се гледа и како резултат на неговото престојување и почести што ги уживал кај тиранинот Поликрат на Самос.

И хорската лирика во овој сегмент е претставена преку мноштво видови и најразлични автори. Алкман, кој подоцна во Спарта се прославил и како народен поет, е познат по неговите партениони (момински песни), покрај неговите пајани, хипорхеми, љубовни песни. Во сетилноста на сликите, преку кои се доближува убавината на девојките, се актуализира неговиот однос кон животот, како постојана проникнатост меѓу земното и небесното. Во тој контекст свое место си наоѓа и мудрецот на Милетската школа, Талес од Милет, преку посочениот фрагмент што е сведоштво за неговата „т.н. филозофија на природата". Ибик, којшто исто така поминал доста време заедно со Анакреонт на островот Самос кај тиранинот Поликрат, ни е претставен и со неговата позната „Ода за Поликрат", во која се пренесува дијалогот на двете полухории како реактуализација на митовите за Тројанската војна и величањето на одделните ахајски јунаци, во чие средиште се наоѓа и самиот Поликрат. Симонид од Кеос, кој како и Пиндар правел песни по нарачка, на суштински начин ја преобразува хорската лирика, во смисла на поголемо присуство на филозофските теми, што резултира и во неговите треноси (тажаленки), епиникиони (победнички песни), елегии, епиграми итн. И Бакхилид, како роднина на Симонид, е познат по неговата хорска лирика, иако и кај него има други видови песни. Впечатливи се неговите епиникиони (победнички песни), пајани, како и познатиот дитирамб „Тесеј", во кој се следи дијалогот помеѓу хорот, како претставник на атинското граѓанство, и владетелот Ајгеј. Славата што ја стекнал Пиндар го врамува во групата на најпознатите хеленски поети како народен поет. Неговото творештво е разновидно, составено од химни, пајани, дитирамби, просодиони, партениони, епиникиони, треноси, енкомиони, а е особено познат и по неговите Питиски оди, во кои доминира неговата мудрост, размислувања за животот на човекот во контекст на божествената правда и поставувањето на божествените доблести како својство со кое се противречи на изнасилената антропоморфизација на боговите. Во таа смисла, тој е и критички насочен кон епската традиција. Меѓу поетите претставници на хорската лирика, исклучително е и местото на Филоксен, кој како поет музичар направил доста

промени во употребата на инструментите, вклучувајќи го и фактот дека ја менува традиционалната употреба на авлосот во испевањето на дитирамбот за сметка на придружбата со китара (која, исто така, го менува својот карактер).

Поглавјето Анонимни песни содржи три раздели: Народни песни, Гозбени песни и Анакреонтски песни. Ова е особено значајно, ако се земе предвид дека во овој сегмент се прави суштинска разлика меѓу народната и уметничката литература, уште во класичната антика, нешто што е мошне инструктивно и за следење на подоцнежните текови во книжевноста. Покрај анонимноста, како својство на народните песни се истакнува нивната краткост, едноставност во поглед на метричката структура, пригодност и поврзаност на содржината со севкупната атмосфера во која тие песни се изведувале. Тоа е видливо и во структурата на загатките, како фолклорен жанр што ја актуализира динамиката на кусиот, но мисловно збиен исказ, чијшто одговор е затскриен и поттикнува на потрага. Во разделот Гозбени песни, пак, се вклучени сколиони што се зачувани и цитирани кај Атенај, а кои изобилуваат со духовита содржина и еден вид дијалог што се одвива меѓу учесниците на гозбата. Мотивите во нив се блиски до оние што се застапени во 60-те песни наречени анакреонтски песни, во кои доминираат љубовта, убавината, величањето на силата на виното и култот кон богот Дионис, пренесувајќи само одредени елементи од автентичниот стил на Анакреонт.

Поглавјето Хеленистичка лирика содржи избор од поети и творби од мошне специфичниот период во античката хеленска култура, обележан со многу промени и превирања на општествен и на политички план. Тука читаме стихови од Адај, Касторион, Александар Ајтолецот, Теокрит, Херода, Калимах, Ајсхрион, Керкида, Еуфорион од Халкида, Никајнет, Мосхос, Никандар, Антипатар од Сидон и Филодем од Гадара. Како што се менува пристапот кон содржината во драмските дела од тој период, така и во лириката навлегуваат елементи од секојдневниот живот на обичниот човек од хеленистичкото општество. Поезијата станува занает, се учи и се развива во зависност од талентот и од дарбата на поетот, а тоа ја условува и специфичната рецепција (односно читање) на текстовите. Се афирмира создавање на „книжевни амалгами“ од повеќе книжевни родови и видови, како и пократки форми, каков што е епилионот (малиот еп), кој посебно го практикува Калимах. Со пробивот на елегискиот дистих, во натписите се создава книжевниот вид епиграм, кој сè повеќе ги развива своите можности, како и прозните расправи и дидактичката поезија. Во тој поглед се интересни епиграмите на Адај, кои се осврнуваат на ловот и на селскиот живот, како и на славата на Александар III Македонски, во чиешто време живеел.

Од аспект на развојот на одделните жанрови, мошне индикативен е примерот на Теокрит, кој во творечка смисла воведува нов жанр – идила, којшто ќе стане потоа и назив за буколската, односно пасторална поезија, во која се застапени теми од секојдневниот живот, животот на селото/пастирите и љубовта во форма на копнеж и на страдање. Нови жанровски можности, како актуализација на претходниците, се забележуваат и во мимијамбовите на Херода, по углед на холијамбовите на Хипонакт. Во нив се појавуваат типичните ликови од новата атичка комедија, а спојувањето на двата жанрови – мимот и јамбот – овозможува структурата на текстот да биде динамизирана повеќестрано, преку преобразување на традицијата. Од таа гледна точка, тоа што е животно актуелно станува признак на вредностите што текстот ги пренесува, за разлика од херојско-аристократскиот морал на претходните епохи. Калимах, како еден од познатите александриски библиотекари, создава поезија што е значително повлијаена од неговата научна дејност. Во неговите кратки песни, епиграми и епилиони, тој се истакнува како исклучителен хеленистички поет, а тоа е видливо и во посочената „Химна на Зевс", во која опевањето на митолошката традиција се комбинира со актуелното критичко преосмислување на тесната врска меѓу доблеста и богатството. Во тој контекст читаме и за Мосхос, ученикот на александрискиот граматичар Аристарх од Самотрака, чијшто епилион „Европа" оди во редот со „Хекала" на Калимах, како и од гледна точка на развојот на буколската поезија, за која дава посебен придонес. Ова поглавје завршува со примери од поезијата на Филодем од Гадара, кој како епикурејски мислител оставил значајни филозофски расправи, како и епиграми што сведочат за култивираноста и за високиот стил на хеленистичката поезија.

Поглавјето Римска лирика се состои од мошне интересни и податливи примери од поезијата на Катул, Тибул, Пропертиј, Публиј Овидиј Насон, Квинт Хоратиј Флак и Јувенал, а содржи и неколку анонимни песни. Во освртот кон развојот на римската литература се истакнува критиката на Хоратиј за „дериватната" природа на римската традиција, видлива во неговото писмо до Октавијан Август, како и фактот дека хеленската традиција служела како образец и висока култура за римската. Нејзините почетоци се поврзуваат со 240 г. пр. н. е., односно со завршувањето на Првата пунска војна и победата над Картагина. Тие почетоци се поврзани и со првите изведби на комедијата палијата (по хеленски пример) од Ливиј Андроник, со епот на Гнај Највиј за Пунската војна, испеан во карактеристичниот сатурниски стих, како и со употребата на дактилскиот хексаметар во *Аналите* на Ениј. Од жанровска гледна точка, за типична римска

творба се смета сатирата (според Квинтилијан), а лирика во класична смисла на зборот не се разликува (со исклучок на секуларните песни на Хоратиј, кои се изведувале од мешан хор). Оваа состојба е видлива и во отежнатата поделба на одделните жанрови, па, од таа причина, авторите се разгледуваат, пред сè, номинално, во функција на нивната дејност, или во врска со одредена школа, каква што е онаа на неотериците.

Треба да се забележи фактот дека како најстари засведочени лирски песни, во римски контекст, се сметаат лирските партии во палијатите на Плаут, а почетокот на римската лирика се поврзува со дејноста на Катул. Тој е дел од книжевниот кружок во кој се сместени и Кина, Калв и Валериј Катон, наречени од Кикерон „нови поети", од каде што потекнува и називот неотерици. Кратките љубовни песни на Катул, исполнети со нежна лирска содржина, се под силно влијание на хеленистичката поезија, што е видливо и во продолжувањето на традицијата на епилионот, како и во влијанието на поезијата од Калимах и од Сапфо (преку неговата поетска фигура Лезбија). Низ дејноста на другите лиричари што се разгледуваат во ова поглавје, до израз доаѓаат карактеристиките на римската љубовна елегија, како автентичен римски жанр, кој почнува да се развива од првиот век пр. н. е. Во овие елегии доминира личното доживување на љубовта, сфатена во сите нејзини противречности, што се гледа во творештвото на четворицата претставници на овој вид, кои ги истакнува Квинтилијан – Тибул, Пропертиј, Овидиј и Гал. Во врска со тоа, интересно е укажувањето дека поетското доживување на жената како некаква господарка или идеал за поетот, кој се наоѓа во метафорично ропство и страда поради љубовта, не треба да се гледа како афирмирање на женската позиција во општеството, туку како форма на истакнување на машката надмоќ и потреба тој да ја врати својата позиција на маж, онака како што доликува. Во таа смисла, елегичарите се конзервативни, но и отуѓени од јавниот живот, бидејќи „неконвенционалноста е привилегија (исклучиво) на мажот". Како најблизок книжевен претходник на елегијата се смета еротскиот епиграм, кој развил широк опсег на теми, уште од самиот почеток, а својот вистински потенцијал го достигнал во творештвото на Катул. Опаѓањето на љубовната елегија се поврзува со засилувањето на режимот на Октавијан Август и ограничувањето на содржините што биле застапени во поезијата.

Од творештвото на Катул, во ова издание се вклучени повеќе примери, кои ги следат критериумите според кои се прави поделбата на неговите песни во три целини – полиметрички, подолги песни и епиграми. Љубовта, природата и градскиот живот се централните содржински компоненти, но дел од

нив, особено оние што прилегаат на хеленистичките епилиони, обработуваат и митолошки теми. Тибуловото исклучително место во основите на римската љубовна елегија е илустрирано преку редица елегии, од кои силен впечаток остава елегијата „Идеалот на поетот", која фрла светлина и на променетата позиција на поетот во општествениот живот. Тоа е видливо и во елегиите на Пропертиј, во кои доминира неговата сакана Кинтија. Разновидното творештво на Овидиј, кој во првиот век од н. е. е определен како најдобриот поет на Рим, овозможува увид во начинот на обработката на митолошките содржини преку примери од неговите дела *Тристиа*, *Хероиди* и *Преобразби*, едно од неговите најпопуларни дела. Од Хоратиевата поезија читаме редица негови оди, кои изобилуваат со различни метри и концепти што го одразуваат неговото сфаќање за уметничкото поврзување на корисното и на убавото. Тука посебно се издвојуваат неговите *Посланија* (*Епистули*), од кои на посебно место е поставено познатото *Послание до Писоните*, кое уште во антиката е наречено *За поетската уметност*. Во тој мошне значаен книжевнотеориски оглед се истакнуваат суштинските елементи што се вредносни критериуми за определување на квалитетот на едно поетско дело, како што се веродостојноста и параметарот на стилот. Ова поглавје од изданието, посветено на римската литература, кулминира со острите сатири на Јувенал, кој се осврнува на слабостите и аномалиите во римското општество од периодот на царството, поради што се смета за солиден извор преку кој може да се спознае тогашниот начин на живот. Анонимните песни, поместени на крајот од сегментот посветен на римската лирика, потврдуваат дека римскиот начин на живот се карактеризира и со мноштво древни култови, коишто ја потцртуваат нејзината автентичност, на која подоцна се надоврзува влијанието од хеленската култура.

Изданието *Антологија на античката лирика*, на мошне прецизен и систематски начин, го претставува извонредното богатство на античкото наследство, кое се изложува како преку исцрпните коментари и објаснувања на приредувачите така и преку директниот контакт на читателот со текстовите од вклучените автори. Во таа смисла, овој исклучителен потфат содржи две димензии. Од една страна, текстот ги повикува сите љубители на пишаниот збор да се нурнат во длабочините на антиката преку исклучителните препејувачки приспособувања на изворните текстови на македонски јазик, стремеж што, во најголема мера, ги почитува ритмичките облици што се карактеристични за античките песни, пеени или рецитирани со музичка придружба. Од друга страна, изданието има карактер на книжевнокритичко дело, навлегувајќи во суштината и во карактеристиките на одделните типови лирика преку појаснување на нејзиното поимање во антиката и на влијанието што таа го пренесува на следните епохи.

Со тоа, истражувачите на антиката се повикани да ги постават во дијалошка спрега традиционалните (подревни) и современите пристапи кон книжевноста. Изданието *Антологија на античката лирика* претставува неодминлив извор за проучување на античкото наследство, нудејќи мошне втемелени книжевнокритички промислувања, проследени со текстови од одделните антички автори, препеани и приспособени на својствата и на лексичкото богатство на современиот македонски јазик.